# З А П И С Н И К
## Од Дваесет и шестата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 26.01.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Дваесет и шестата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Томислав Кежаровски, Беким Лачи, Марјан Велевски, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Лазо Трпков и Владимир Палашевски.*

Онлајн присутни на седницата: *Миле Грозданоски и Маја Седрак.*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов, Директор на Заеднички функции и администрација и Драган Николовски, Одговорен Уредник на МТВ1.*

Дваесет и шестата седница на Програмскиот совет започна во 11:07 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесет и шестата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 24-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 25-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Разгледување на Извештајот од надзор над изборното медиумско претставување на МРТ1 и МРТ2, изготвен од АВМУ и Разгледување на Извештајот за покривањето на дополнителните локални избори од страна на МРТ**
4. **Разгледување на допис од ССНМ во врска со примената на одредбите од Колективниот договор на ЈРП МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 24-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Дваесет и четвртата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Тпчка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 25-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Дваесет и петата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Разгледување на Извештајот од надзор над изборното медиумско претставување на МРТ1 и МРТ2, изготвен од АВМУ и Разгледување на Извештајот за покривањето на дополнителните локални избори од страна на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред, која се однесува на разгледување на Извештајот од надзор над изборното медиумско претставување на МРТ1 и МРТ2, изготвен од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и на извештаите за покривањето на дополнителните локални избори од страна на Македонската радио-телевизија.

Извештаите на АВМУ се однесуваат на извршен надзор над почитувањето на одредбите од Изборниот законик за време на изборниот молк, при што е анализирано изборното медиумско известување на МРТ1 и МРТ2 на ден 10 јануари 2026 година, во пресрет на дополнителните локални избори.

Во таа насока, тој информираше дека е запознаен дека, согласно доставените информации, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатирала прекршување при вршењето на надзорот, при што не е изречена парична казна. Имајќи го предвид ова, тој ги повика надлежните стручни служби да дадат соодветно известување и појаснување во однос на наводите, констатациите и содржината на извештаите на АВМУ, како и во однос на постапувањето по истите.

Покрај извештаите на АВМУ, во рамки на оваа точка Програмскиот совет ги разгледува и интерните извештаи од одговорните уредници за покривањето на изборите, кои се доставени по електронска пошта заедно со материјалите за седницата.

Во таа смисла, предложи збор да добие одговорниот уредник на МРТ1, кој ќе изврши кратка презентација и усно излагање во однос на изборното покривање и наодите од извештајот.

По излагањето, доколку се укаже потреба, Претседателот на Програмскиот совет ќе отвори дискусија за членовите на Програмскиот совет, при што тој напомена дека разгледувањето се врши во рамки на надлежностите на Советот, без навлегување во уредувачката независност.

Во однос на МРТ2, имајќи предвид дека одговорната уредничка е на боледување, тој информираше дека нејзиниот извештај е доставен во писмена форма и истиот ќе биде предмет на разгледување без усна презентација.

Потоа збор зема Драган Николовски, Одговорен Уредник на МТВ1 кој рече дека, на повторните локални избори за градоначалници во четири општини одржани на 11 јануари 2026, МРТ1 им даде соодветно значење водејќи се од обврските коишто произлегуваат од одредбите на Изборниот законик, а се однесуваат на работата на јавниот сервис во периодот пред и во текот на предизборната кампања, како и од програмскиот интерес на пошироката телевизиска публика.
Во централните информативни изданија (ТВ Дневниците од 17 часот и од 19.30 часот), беа испочитувани важечките законски одредби во однос на претставувањето на предизборните активности на владеачките и на опозициските партии, како и на независните кандидати за градоначалници.
Во текот на предизборната кампања којашто целосно се совпаѓаше со новогодишно-божикниот празничен период, беше организирано едно специјално издание на политичката емисија „Објектив“, на 24.12.2025, во кое низ интервјуа беа претставени програмските заложби на кандидатите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ за градоначалници на општината Маврово Ростуше.
На сличен начин, со соодветни репортажи поткрепени со изјави на дел од кандидатите, повторните локални избори беа покриени и во инфомагазинот „360 степени“.
МРТ1 ја исполни законската обврска да информира за изборите на начин прилагоден за лицата со сетилна попреченост преку едно издание на вестите секој ден (ТВ Дневникот од 17 часот), како и преку едно издание на актуелно-информативна емисија неделно, емисијата „Објектив“.
Според направениот мониторинг, ААВМУ утврдила прекршување на изборниот молк од страна на МРТ1, но како надлежното тело не одредила санкција, ниту поднела прекршочна постапка за јавниот сервис.

Потоа збор зема збор Томислав Кежаровски кој истакна дека оваа пречка е минорна и дека во настанатата ситуација нема виновници.

Понатаму, во Извештајот од Одговорниот Уредник на МТВ2 Мерита Гаши, беше истакнато дека на денот на гласањето МТВ2 обезбедила континуирано и сеопфатно покривање:

- Директни вклучувања од терен од сите гласачки места во четирите општини.
- Редовно пренесување на прес-конференциите на Државната изборна комисија (ДИК).
- Следење на текот на гласањето сѐ до објавувањето на финалните резултати.

Воедно, во Извештајот таа информираше дека во денот на изборниот молк (10 јануари), поради вонредната состојба со поплавите во државата, во ФЛЕШ вести била објавена информација за состојбата во Општина Охрид, со слика на градоначанилник на општината Охрид.

- Оваа информација била од чисто сервисен карактер за граѓаните и немала апсолутно никаква врска со изборниот процес во општините каде се гласало.
- За овој технички пропуст веќе е испратен допис до АВМУ, со јасно образложение дека станува збор за изолирана ненамерна техничка грешка која не влијаела врз волјата на избирачите.

Што се однесува до известување за целокупниот изборен процес за локалните избори 2025 година, МТВ2 ја завршила својата задача професионално, транспарентно и во интерес на јавноста. Горенаведениот пропуст бил исклучво од техничка природа и без реално влијание врз изборниот резултат.

**Точка 4. Разгледување на допис од ССНМ во врска со примената на одредбите од Колективниот договор на ЈРП МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски ја отвори четвртата точка од Дневниот ред – разгледување на дописот доставен од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, кој се однесува на примената на одредбите од Колективниот договор на ЈРП МРТ.

Со доставениот допис, ССНМ укажува на обврската за исплата на зголемувањето на платите во висина од 10%, согласно измените и дополнувањата на Колективниот договор, кои се однесуваат на периодот од септември 2023 до јули 2024 година, со рок за исплата најдоцна до декември 2025 година. Во дописот се наведува дека, според нивните сознанија, зголемувањето не било целосно исплатено во предвидениот рок, поради што се бара институцијата да постапи согласно преземените обврски.

Во таа насока, Претседателот на Советот информираше дека е запознаен дека предметното зголемување во меѓувреме е исплатено. Имајќи го предвид ова, како и природата на барањето, тој предложи надлежните служби кратко да се произнесат по дописот, со цел Програмскиот совет да има целосен и јасен увид во фактичката состојба и постапувањето по ова прашање.

По ова збор зема Горан Атанасов, Директор на Заеднички функции и администрација кој истакна дека согласно Колективниот договор потпишан во 2024 година, средствата кои требало да бидат исплатени до крајот на 2025 година не се исплатиле и тоа поради скратениот прилив на средства од страна на Министерството за финансии. Но, на почетокот на јануари 2026 година сите обврски кон вработените се исплатени.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари на продуктивната средба на присутните на 26-та седница на Програмскиот совет на МРТ, со најава дека следната 27-та седница ќе се одржи во четврток на 29.01.2026 година во 14:00 часот. Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја затвори Дваесет и шестата седница во 11:21 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-495/4
26.01.2026г.

_________________________
Давор Пашоски